# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ЗЕМАЊЕ, РАЗМЕНУВАЊЕ, ПРЕНЕСУВАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕКОВОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

**Службен весник на РМ, бр. 139 од 04.11.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човековото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија" број 30/95) во членот 29 став 1 зборовите: „Со парична казна од четири до десет плати ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Во ставот 2 зборовите: "ќе се казни за прекршок и" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече за прекршок и на", а зборовите: "со парична казна од една половина до две плати" се заменуваат со зборовите: "глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност".

**Член 2**

Во членот 30 став 1 зборовите: "Со парична казна од четири до десет плати ќе се казни за прекршок и" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на".

Во ставот 2 зборовите :"ќе се казни за прекршок и" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече за прекршок и на", а зборовите: "парична казна од една половина до две плати" се заменуваат со зборовите: "глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност".

**Член 3**

Во членот 31 став 1 зборовите: "Со парична казна од четири до десет плати ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Во ставот 2 зборовите: "Со парична казна од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок и" се заменуваат со зборовите: "глоба во износ утврден во ставот 1 на овој член ќе се изрече за прекршок и на".

Во ставот 3 зборовите: "ќе се казни за прекршок и" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече за прекршок и на", а зборовите: "парична казна од една половина до две плати" се заменуваат со зборовите: "глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност".

**Член 4**

По членот 31 се додава нов член 31-а кој гласи:

"Член 31-а

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, Министерството за здравство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците."

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".